Република Северна Македонија

Министерство за енергетика,
рударство и минерални суровини

Систем ЈПП електронски аукции на

Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Прирачник за работа – администратори

Содржина:

1. Вовед 4

2. Администрирање на системот 5

3. Корисник најавен како администратор 6

3.1. Креирање нова аукција 7

Слика 1. Форма за најава на системот 5
Слика 2. Почетна страна за корисник најавен како администратор 6
Слика 3. Профил на најавен корисник 6
Слика 4. Извештај за завршена аукција 7
Слика 5. Форма за информации за аукција 8
Слика 6. Форма за детали на аукција 8
Слика 7. Форма за внес на понудувачи 9

1. Вовед

Со овој систем се овозможува квалитетен, брз, транспарентен и унифициран начин на водење на електронски аукции.

На овој начин е овозможено електронски да се водат е-аукции во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, по првична целосна евалуација на понудите, во кој понудувачите ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски.

Даден корисник на системот за ЈПП е-аукции може да биде најавен во една од следниве две улоги:

- Администратор
- Понудувач

Во зависност од улогата во која што е најавен, корисникот служи одредени привилегии во системот.

Во продолжение е презентиран системот во целина со подетални објаснувања на сите функционалности.

2. Администрирање на системот

Постапката за најавување на системот е следна. Најпрво преку пребарувач се внесува адресата http://www.e-koncesii.mk/jpp/. Веднаш потоа, се прикажува почетната страна на која се наоѓа формата за најава како на Слика 1, преку која може да се најавите на истиот.



Слика 1. Форма за најава на системот

Во формата се внесуваат корисничкото име и лозинката на корисникот кој се најавува.

Сите корисници кои веќе го користат модулот за аукции на системот за ЕСЈН, за најава на системот за ЈПП електронски аукции, ги користат истите кориснички имиња и лозинки.

Откако ќе се внесат потребните податоци, постои можност за маркирање на полето “Запомни ме”, со што веб пребарувачот кој го користите ќе ги запомни внесените податоци. Со клик на копчето “Најавете се”, успешно се најавувате на системот и Ви се прикажува почетната страна, согласно улогата со која сте најавени во системот.

3. Корисник најавен како администратор

По успешната најава, се прикажува почетната страна на системот за ЈПП е-аукции прикажана на Слика 2.



Слика 2. Почетна страна за корисник најавен како администратор

Со клик на корисничкото име испишано во горниот десен агол, корисникот може да пристапи до својот профил или да се одјави од системот, со избор на соодветната опција.

Информациите за профилот се прикажани на Слика 3.



Слика 3. Профил на најавен корисник

Главното мени “Аукции” е организирано во следниве подменија:

- Сите аукции – сите креирани аукции од страна на најавениот корисник

- Необјавени – аукции кои се креирани од страна на најавениот корисник, но сеуште не се објавени
- Објавени – аукциите кои се креирани од страна на најавениот корисник и се веќе објавени
- Завршени – аукциите кои се креирани од страна на најавениот корисник, истите биле објавени и веќе се завршени

За секоја креирана аукција прикажани се информации за насловот, бројот на аукцијата како и статусот во кој што моментално се наоѓа истата. Дополнително за објавените аукции е прикажан и датумот на објавување.

Сите аукции може да се подредуваат и филтрираат по претходно наведените параметри.

За аукциите кои се со статус “Завршена”, со клик на копчето “Извештај” (прикажано на Слика 2) се прикажува извештајот како на Слика 4.



Слика 4. Извештај за завршена аукција

Аукциите кои се со статус “Креирана”, може да се изменуваат, бришат или да се објавуваат со клик на соодветните копчиња прикажани на Слика 2.

За дадена аукција да биде објавена, треба да се кликне на копчето “Продолжи” од дијалог прозорецот за потврда кој се прикажува по клик на копчето “Објави”.

3.1. Креирање нова аукција

Аукциите се креираат од страна на корисник најавен во улога на администратор. Од почетната страна треба да се кликне на копчето “Креирај аукција”, при што се прикажува следнава страна.



Слика 5. Форма за информации за аукција

Од левата страна се прикажани фазите кои треба да се изминат во процесот на креирање на нова аукција. Првата фаза е “Информации за аукција”.

Во формата за информации се внесуваат следниве податоци:

- Број на оглас/аукција
- Наслов на аукција
- Опис на аукција

Откако ќе бидат внесени овие податоци за преминување во следна фаза потребно е да се кликне на копчето “Следен”. По клик на ова копче се прикажува фазата за “Аукција детали”.



Слика 6. Форма за детали на аукција

Во оваа форма се внесуваат податоците за:

- Почетен датум на аукција – со клик на ова поле се прикажува форма за избор на датум и точно време на почеток на аукцијата.

- Времетраење на аукцијата – точното времетраење на аукцијата внесено во минути
- Вредност – избор на вредност од опаднувачка листа со понудени МКД, EUR или %
- Минимален чекор – минимален чекор за наддавање
- Максимален чекор – максимален чекор за наддавање
- Тип на аукција – избор на типот на аукцијата, Позитивна (Наддавање) или Негативна (Намалување на цена)
- Подтип на аукција – избор на подтипот на аукцијата, дали победникот на аукцијата ќе се избира врз основа на понудената цена или во предвид се земаат и неговите поени. Доколку станува збор за економски најповолна понуда, тогаш се земаат во предвид и поените, во спротивно се зема во предвид само цената
- Техничка документација – доколку како подтип на аукција се избере економски најповолна понуда тогаш се прикажува полето за внес на техничка документација во проценти. Оваа вредност дава информација за процентот со кој што ќе бидат сметани поените за избор на победник на аукцијата.
- Цена – вредноста на цената се внесува во проценти. Доколку како подтип на аукција се избере економски најповолна понуда тогаш вредноста на цената автоматски се пополнува откако ќе се внесе вредноста за техничката документација, така што нивниот збир е еднаков на 100%. Во спротивно, ако за подтип е избран цена, тогаш полето за цена е автоматски пополнето со 100%.

За да се продолжи кон последната фаза “Понудувачи”, потребно е да се кликне на копчето “Следен”, со тоа што полињата за почетен датум на аукција, времетраење на аукција, минимален и максимален чекор мора да бидат пополнети бидејќи се задолжителни.

Во фазата “Понудувачи” се внесуваат корисниците кои ќе учествуваат во аукцијата.



Слика 7. Форма за внес на понудувачи

За секој понудувач се внесуваат неговата e-mail адреса, компанијата која ја преставува на аукцијата, понудената цена, како и поените доколку станува збор за економски најповолна понуда.

За дефинирање на повеќе понудувачи, потребно е да се кликне на иконата , прикажана на Слика 7.

Секој дефиниран понудувач на својата e-mail адреса добива порака со покана за аукција и лозинка за најавување на системот.

Откако ќе бидат дефинирани сите понудувачи, треба да се кликне на копчето “Заврши”, при што се прикажува дијалог прозорец за процесирање на внесената аукција. Откако аукцијата ќе биде креирана, таа се прикажува на почетната страна во подменито “Сите аукции”.